Јавна установа Меѓуопштински центар за социјална работа Берово објавува интерен оглас за унапредување на едно лице, врз основа на член 197 , 211 и 212 од Законот за социјална заштита (Службен весник на РСМ бр 104/19), Правилникот за систематизација на работните места во Јавна установа Меѓуопштински центар за социјална работа Берово бр.01-325/3 од 25.06.2019 година, и член 8 од Колективниот договор за социјална заштита (Сл.весник на РСМ бр 249/19), В.Д.Директорот на Јавната установа Меѓуопштински центар за социјална работа Берово објавува:

**ИНТЕРЕН ОГЛАС БРОЈ – 04-800/2**

за унапредување на едно лице при
ЈУМ Центар за социјална работа Берово

ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Берово, објавува оглас за унапредување на 1 лице на за следното работно место:

- 1 лице – **раководител на служба за услуги од социјална заштита-** шифра на работното место: - СОЗ0303А01002 и звање раководен од прво ниво во служба за услуги од социјална заштита во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Берово-**1 извршител**

**Општите услови** кои треба да ги исполнуваат кандидатите согласно Законот за социјална заштита се:

- Да е државјанин на Република Северна Македонија,
- Активно да го користи македонскиот јазик,
- Да е полнолетен
- Да има општа здравствена способност за работното место, и
- Во моментот на поднесување на пријавата со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност.

**Посебни квалификации** кои треба да бидат исполнети, освен општите услови утврдени со Законот за социјална заштита за работното место –раководител на служба за услуги од социјална заштита се:

- ниво на стручни квалификации, – стекнати 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен – **социјална работа и социјална политика, психологија или правни науки**;
- најмалку пет години работно искуство;
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење .

На интерниот оглас може да се пријави давател на услуга вработен во установата кој ги исполнува општите и посебните услови пропишани за работното место како и:

- да е оценет со оцена „4" или „5 " при последното оценување,
- да поминал најмалку две години на тековното работно место и
- да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас

**Потребни општи работни компетенции се :**

- учење и развој;
- комуникација;
- остварување на резултати;
- работење со други / тимска работа;
- ориентираност кон странките/засегнати страни, и
- финансиско управување.

Почетокот и завршетокот на дневното **работно време** за работното место е утврдено од 07.30-15:30 часот, полно работно време 40 часови од понеделник до петок, со нето плата која изнесува 41.441,оо денари.

**Со пријавата, покрај докази за исполнување на општите и посебните услови, заинтересираните кандидати задолжително треба да ја достават и следната документација:**

- Своерачно потпишана пријава за работното место за кое се пријавуваат;
- Кратка биографија CV не поголема од 5 страни, со задолжително наведен контакт телефон, адреса.

Потребната документација во оригинал или копија заверена на нотар да се достави преку архивата и се доставува до организационата единица за управување со човечки ресурси на Јавна установа Меѓуопштински центар за социјална работа Берово,на ул. Младински кеј 2/а Берово, ( со назнака „за Интерен оглас број 04-800/2 за унапредување на едно лице)

**Рокот за пријавување е три работни дена од денот на објавување.**

Постапката по интерниот оглас се содржи од две фази: административна селеција, која се состои од проверка на внесените податоци во пријавата и приложените докази во пријавата и интервју. За кандидатите за кои при административната селекција ќе се утврди дека не ги исполнуваат условите утврдени во интерниот оглас, постапката на селекција завршува. За останатите кандидати во рок од пет работни дена по завршувањето на административната селекција комисијата спроведува интервју. По завршената административна селекција и интервјуто, комисијата составува ранг листа и му го предлага прворангираниот кандидат на директорот.

Одлуката за избор се доставува до кандидатите и се објавува на интернет страницата на институцијата. Директорот може да донесе одлука за невршење на избор и во истата е должен да ги наведе причините за нејзиното донесување.
Ненавремената, нецелосната и некомплетната пријава и документација нема да биде разгледувана.

Јавна установа Меѓуопштински центар за социјална работа Берово ќе изврши избор во рокот пропишан согласно член 212 од Законот за социјална заштита во рок од три работни дена од добивање на предлогот директор е должен да донесе одлука за избор.

Со избраниот кандидат ќе биде склучен договор за работа во писмена форма, по конечноста на одлуката за избор.